РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 04-852/13
04.08.2021
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа (("Службен весник на Република Македонија" бр.02/2005), член 3 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020) и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.11/2018 , 275/2019 и 14/2020), Градоначалникот на Општина Ранковце на ден 04.08.2021 г. донесе

# ОДЛУКА
## за вршење избор за унапредување на административен службеник во општинската администрација во Општина Ранковце

1. Административниот службеник **Далибор Цветановски** се избира за унапредување на работното место **Превенција и справување со кризни состојби** со звање **Самостоен референт**, во група I – административни службеници, подгрупа 1 – државни службеници, категорија Г – помошно-стручен административен службеник од прво ниво Г1 и шифра на работното место УПР 0101 Г01 000 за работно место под реден број 8-б во Табеларниот приказ од Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Ранковце .
2. Одлуката за вршење избор се објавува на интернет страницата на општина Ранковце.

**Образложение**

Градоначалникот на Општина Ранковце согласно своите законски овластувања врз основа наведените законски одредби во воведот на ова Решение , а согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Ранковце утврди потреба од унапредување на административен службеник на работното место Превенција и справување со кризни состојби со звање Самостоен референт заради поефективно извршување на работните цели и задачи на административниот службеник утврдени врз основа на актот за систематизација на работните места на институцијата, а во функција на остварување на надлежностите на институцијата, односно стратешкиот план и/или согласно со годишната програма за работа на институцијата и донесе Решение за поведување на постапка за унапредување на еден државен службеник во општина Ранковце бр. 08-852/1 од 08.07.2021 г. и испрати Барање до Агенцијата за администрација бр. 08-852/4 од 13.07.2021 г. исто така донесе и Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување по Интерен оглас бр.01/2021 бр. 08-852/10 од 30.07.2021 г.

Согласно наведените одредби општина Ранковце објави Интерен оглас бр.01/2021 деловоден број 08-852/1 од 13.07.2021 г. на 19.07.2021 г. на веб страната на општина Ранковце и на веб страната на Агенцијата за администрација за работното место Превенција и справување со кризни состојби со звање Самостоен референт – 1 извршител , на кој оглас се пријави еден кандидат кој беше уреден и ги исполнуваше условите од наведениот оглас, а што беше утврдено со Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 08-852/11 од 03.08.2021 г.

На ден 03.08.2021 г. беше спроведено интервју со кандидатот за што е составен Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 08-852/12 од 03.08.2021 г. согласно кое Комисијата состави финална ранг листа на интервјуираните кандидати и даде предлог на градоначалникот на општина Ранковце да донесе одлука за избор на прворангираниот кандидат Далибор Цветановски со освоени 29,85 бодови.

Врз основа на спроведената постапка, градоначалникот на општина Ранковце на ден 04.08.2021 г. донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Ранковце до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници во рок од 8 дена од денот на приемот на истото.

**04.08.2021 г.**
**Ранковце**

**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Градоначалник,**
**Ивица Тошевски**

Објавено на http://rankovce.gov.mk/